# 271. РЕШИВ МАМО ДА СИ СЕ ОЖЕНАМ




Решив да си се оженам,
за едно младо девојче,
за едно младо,
за едно младо девојче.

Рачај порачај либеле,
што бакшиш сакаш отаде,
што бакшиш сакаш,
отаде да ти донесам.

Тоа ми побара пендарче,
утре ќе одам град Скопје,
утре ќе одам,
утре ќе одам град Скопје.

Отаде да ми донесаш,
за бело грло герданче,
за бело грло,
за бело грло герданче.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995